**Барање 23-2103/1**

1. Доставете ни ги локалните акциони планови за животната средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животната средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година
2. Доставете ни ги сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година
3. Доставете ни информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно член 60 став 5 од Законот за животна средина.Доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано ваквото тело.
4. Доставете ни ги едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

**Одговор 23-2103/2**

1. Во врска со локалните акциони планови за животна средина, Општина Кавадарци изработи Локален еколошки акционен план во 2022 година со времетраење од 6 години, односно до 2028 година.
   Во прилог ви доставувам линк до ЛЕАП

   https://kavadarci.gov.mk/sektor-za-komunalni-raboti-urbanizam/

2. Во Локалниот еколошки акционен план досега нема измени.

3. Општина Кавадарци има формирано тело за следење на имплементирањето на Локалниот еколошки акционен план.Формирањето на телото е со самиот почеток на изготвувањето на планот.

4. Општина Кавадарци сеуште не доставува извештај за следење и спроведување на Локалниот еколошки акционен план до Министерството за животна средина и просторно планирање.